**20261091602**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Врз основа на член 118 став (2) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24, 170/24 и 31/26), министерот за здравство, утврди

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРОБНА РАБОТА И ЗА СТРУЧНИОТ ИСПИТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ СО СРЕДНО, ВИШО И ВИСОКО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ОД ОБЛАСТА НА ФАРМАЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за пробна работа и за стручниот испит на здравствените работници со средно, вишо и високо стручно образование од областа на фармацијата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 84/26), членот 11 се менува и гласи:

„(1) Испитната комисија образувана во јавната здравствена установа, пред која здравствените работници полагаат стручен испит, брои три члена од кои: претседателот е здравствен работник со високо образование од областа на фармацијата или здравствен соработник со здравствена специјализација, еден од членовите е дипломиран правник со положен правосуден испит со најмалку десет години работно искуство од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување, а другиот е здравствен работник со завршено високо стручно образование со најмалку 180 ЕКТС од областа на медицината, стоматологијата односно фармацијата.

(2) Претседателот и членовите на испитната комисија од став 1 од овој член имаат заменици кои ги исполнуваат истите услови како и членовите на комисијата.

(3) Испитната комисија има и записничар кој ги води административно техничките работи за потребите на комисијата.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување и ќе се објави на веб страницата на Министерството за здравство и во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 22-4934/2
15 мај 2026 година
Скопје

Министер за здравство,
**Азир Алиу,** с.р.